Организацијата на настанот е поддржана од проектот Унапредување на социјалниот дијалог.

# ИЗВЕШТАЈ 1

## за работењето на Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ) во 2016 година

# ИЗВЕШТАЈ 2

## Остварена соработка со МОТ преку Проектот "Унапредување на социјалниот дијалог"

*Скопје, јануари 2017 година*

**Извештај 1**

Организацијата на Работодавачи на Македонија (ОРМ), во текот на 2016 година успешно реализираше голем број активности кои произлегуваат од остварувањето на предвидените цели и задачи согласно Законот за работните односи , Статутот на ОРМ и програмата за предвидени активности за 2016 година. Во прилог се наведени некои од позначајните активности на ОРМ реализирани во текот на годината:

**1.Здруженија**

Во ОРМ досега се формирани следниве здруженија: Здружение за комунални дејности, Здружение за тутунско стопанство, Здружение за текстилна индустрија, Здружение за кожарска и чевларска индустрија , Здружение за заштитни работилници, Здружение за угостителство и кафетерии, Здружение за земјоделство и прехрамбена индустрија, Здружение за градежништво и производство на градежни материјали, Здружение за хемиска индустрија и Здружение за хартија, графичка дејност ,Здружение за финансиско посредничка дејност- банки и осигурителни и независни регулаторни тела, Здружение за трговија на големо и мало и Здружение за енергетика .

**2 . Колективни договори**

Согласно измените во Законот за работни односи, Општиот колективен договор и Законот за минимална плата имавме обврска да ги усогласуваме ОКД и КД на ниво на гранка.
Потпишани, усогласувани и објавени во службен весник се:
Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството.
усогласен и потпишан во 2016 година

*Организацијата на работодавачи на Македонија на ден 9.8.2016 година склучија :
Спогодба за изменување и дополнување на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството

Во случај на прогласување на вонредна состојба или кризна состојба поради елементарни или друг вид на непогоди прогласени со Одлука на Владата на Република Македонија или друг надлежен Орган или Институција, работодавачот може на работникот кој работи во правните субјекти односно живее во подрачјата погодени од временските или елементарни непогоди да одобри и поголем број на слободни денови за периодот кој е опфатен согласно Одлуката за прогласување на вонредна или кризна состојба поради елементарни или друг вид на непогоди, донесена од страна на Владата на Република Македонија или друг надлежен Орган или Институција.

*Организацијата на работодавачи на Македонија на ден 1.09.2016 година склучија :
Спогодба по ОКД во случај на прогласување елементарна непогода

КД за тутунска индустрија
КД за хеминска индустрија
КД за угостителска дејност
КД за текстилна индустрија усогласен и потпишан во 2015 година
КД за кожарска индустрија усогласен и потпишан во 2015 година

КД за енергетика
КД за земјоделие и прехранбена индустрија усогласен и потпишан во 2015 година
КД за Заштитните друштва усогласен и потпишан во 2015 година
КД за баники, преговарањето е во тек, се уште нема консензус за најниската пресметковна вредност.
Здружението на работодавачи од финансиската дејност и дејностите од осигурување на ОРМ и Синдикатот на работниците од финансиските организации на Македонија склучија Колективен договор за независните регулаторни тела.

**3. Работењето на Економско социјалниот совет на седниците на ЕСС во 2016 година**

Организацијата на Работодавачи на Македонија ( ОРМ ) како единствена организација на работодавачи која ја докажа својата репрезентативност учествуваше на сите седници на ЕСС во текот на 2016 година.
Седница

- одржана на 6 април 2016 година ,разгледани следните точки:

-Усвоена Годишната програма за работа на ЕСС за 2016 година
-Усвоен Трипартитниот годишен акциски план за унапредување на колективното договарање
-Усвоена Комуникациската стратегија на ЕСС за 2016 година
-Утврдена е висината на минималната плата во бруто износ за 2016 година

- одржана на 22 јуни,2016

  -Предлог измени во Законот за вработување и осигурување во случеј на невработеност и Законот за пензиско и инвалидско осигурување и Законот за здравствено осигурување за проектот "Македонија вработува"

  -Проект -“*Платформата за вработување и социјални прашања*” (ПВСП) е регионален проект кој го финансира Европската Унија со износ од 3 милиони евра, а заеднички го спроведуваат Меѓународната организација на трудот (МОТ) и Регионалниот совет за соработка (РСС) во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора, Србија и Македонија. Проектот, чија имплементација започна во 2016 година и ќе трае 3 години, има за цел да ги зајакне регионалната соработка и институциските капацитети на националните администрации, на организациите на работодавачи и работници, со што ќе им се овозможи да развијат и ефективно да спроведат реформи на пазарот на трудот во областа на социјалната политика во процесот на проширување на Европската Унија. Тимот на проектот е со седиште во Сараево, Босна и Херцеговина.

  Активности спроведени по проектот на кои учествуваше ОРМ

-Воведување на проектот-Конференција одржана во Сараево 28-30 јуни,2016

-Конференција за Економско социјалните совети од земјите во регионот, во Бечичи, Црна Гора на 3 и 4 октомври 2016 . Целта беше подготовка за взаемното оценување на функционирањето на ЕСС на секоја земја од страна на ЕСС на другите земји, кое се планира во периодот по работилницата .
- Конференција за Економско социјалните совети од земјите во регионот 26-28 октомври во Белград на која се разгледа и имплементацијата и следењето на Програмите за економски реформи на земјите од регионот во рамките на Платформата за вработување и социјални прашања.

**4. Учество на ОРМ во институциите**

1. Во МТСП

- во подготовка Национална стратегија за вработување 2016-2020. Подготовката на стратегијата беше поддржана од Меѓународната организација на трудот, Светска Банка и УНДП и истата ги содржи макроекономските, микроекономските и политиките на пазарот на трудот во насока на креирање на нови работни места и подобрување на состојбите на пазарот на трудот во периодот од 2016 до 2020 година.

- во подготовка на Акцискиот план за вработување на младите 2016-2020.. Подготовката на стратегијата беше подржана од Меѓународната организација на трудот .

-Учество на работилница за подготовка на стратегијата за безбедност и здревје при работа на Совеот за БЗРво 2016 година

2. Министерството за оразование и наука

- Македонската Рамка на Квалификации(МРК).
Важно е да се напомене дека улогата на работодавачите, започнува со импутот во изготвувањето на стандардите за занимања преку учеството во работните групи, во развивањето на нови квалификации со учество како членови во Секторските комисии и во усвојувањето на квалификациите со учеството во највисокото тело за МРК, како членови на Националниот Одбор на МРК.
Целта на вмрежеувањето на работодавачите е да можеме да образуваме кадри кои ќе имаат реална потреба на пазарот на трудот и ќе бидат барани од индустријата, а со тоа ќе се и обезбеди полесно вработување.

- Подготовка на Стратегијата за образование, 2016-2020

- Учество во Европски совет за образование - Со поддршка на номиниран претставник од ОРМ- Слаѓана Јакимовска Наскова .

- Благодарница за соработка со Центарот за образование и обука и нов Меморандум за соработка за период од четири години.

5. Учество во Локални економско социјални совети

Учество  на седница на Локален Економско Социјалени Совети во кои учествуваат нашите членови  на Град Скопје, Општина Гази баба, Струмица, Битола, Тетово, Гостивар, Штип, Ресен, Велес,  Свети Николе .
за формирање на Меѓуресорската група за подготовка и спроведување на Стратегијата за претприемачко учење за Република Македонија 2014-2020, односно мониторирање на спроведувањето на акцискиот план 2014-2015 год.

Ново формирани во 2016 се ЛЕСС, Радовиш , Кичево и Струга.

6. Учество во Управниот одбор на Агенција за вработување на Р.М и
Во комисијата од Посебниот фонд по основ на вработување на невработени инвалидни лица

7. Учество во Одбор за акредитација и евалуација на високообразовни програми

**Потпишани  Меморандуми и програми**

- ОРМ стана членка на Меѓународната организација на работодавачи (ИОЕ) -18/19 Март,2016 Управувачкиот одбор на Меѓународната организација на работодавачи (ИОЕ) го потврди барањето на Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ) за влез во семејството на работодавачите од целиот свет за следните три години.

-Амбасадорот на Република Црна Гора во Македонија г.Птредраг Митровиќ оствари неформална посета и оствари средба  со претседателот на Организацијата на работодавачи на Македонија г. Ангел Димитров.Господинот Митреовиќ како поранешен претседател на Унијата на работодавачи на Црна Гора ја даде поддршката за поинтензивна соработка помеѓу работодавачите од Македонија со работодавачите од Црна Гора и се договорија да помогнат во унапредувањето на социјалниот дијалог на сите ниво.

-Мултилатерален договор за соработка помеѓу МТСП,ДИТ и ОРМ за соработка и мониторирање на политиките за справување со непријавената работа во Македонија.

- Меморандум за соработка за период од четири години помеѓу ОРМ
и Центарот за образование и обука.

**6. Работата на Управниот одбор во 2016,  заклучоци, ставови  и прашања за актуелни проблеми и други активности**

Седница одржана на 27,04,2016

1. Градење став за предлог политика за воведување на ваучер систем за сезонска работа.
2. Градење на став по предлог измени во Законот за безбедност и здравје при работа, предлог проект од ОРМ до Високата школа за новинарство.
3. Разгледување на активностите по проектот Унапредување на социјалниот дијалог,Комуникациска стратегија на ЕСС и Нацрт на трипартитен акциски план за колективно преговарање.

Седница одржана на 20,06,2016

1.Обраќање на државнит советник од МОН г.ѓа Наташа Јаневска на тема-учење засновано на работа,квалификации и вештини, прилагодени според потребите на пазарот на трудот.

2.Подготвување на седница на Собрание-избор(реизбор) на УО, извршен директор, потпретседатели и претседател на ОРМ и на Собрание.

Седница одржана на 15,12,2016

1.Известување од работодавачите кои беа коорганизатори на работните доручеци организирани во Прилеп -Орде Ѓорѓиоски , Струга- Крсте Блажевски и во Штип-Маријана Перковска.

**7.Учество на годишната меѓународна конференција на МОТ**

Претставници на репрезентативната организација на работодавачи, синдикатите како и претставници од владата на Македонија учествуваа како трипартитна делегација на 105-тата седница на Генералното Собрание на МОТ, која се одржа на 7 и 8 јуни 2016 година, во Женева. Од Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ), присуствуваше г. Ангел Димитров,

**ИЗВЕШТАЈ 2 ( 2016 )**

Остварена соработка со МОТ преки Проектот "Унапредување на социјалниот дијалог"

По проектот "Унапредување на социјалниот дијалог" финансиран од ЕУ од ИПА компонентата за развој на човечки ресурси 2007-2013 година, се имплементира во период од 24 месеци од страна на МОТ ,а ОРМ е еден од корисниците и во рамките на истиот се спроведени следните активности:

1. Работилницата за градење капацитет за политики за вработување за Националниот и локалните економско-социјални совети хотел Дрим, Струга 28-30 јуни 2016 г.

2. Тематска обука за макроекономија, вклучувајќи неформална економија Хотел Лејквју Резорт, Отешево, Ресен 26-27 октомври 2016

3. Три тематски деловни доручеци одржани во:
   - Прилеп- 14 Јуни 2016, Место: Хотел Салида,
   - Струга 23-ти Септември 2016, Место: Хотел ДРИМ во соработка со ХОТАМ,

- Штип 17-ти ноември 2016, Место: Хотел Изгрев  во соработка со Трговската тексилна асоцијација
- Свечен седница на Управниот одбор на Организацијата на работодавачи на Македонија 15. декември 2016 г. во хотелот „Мериот“ во Скопје,

4. Тематска обука за плати, вклучувајќи минимална платаза членовите на националниот и локалните економско-социјални совети Хотел Арка, Скопје 22-23 ноември 2016 г.

5. Работилница за Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ 5 –ти декември 2016. Справување со медиумите со Г. Јаган е регионален дописник за The National (Абу Даби). Исто така, редовно придонесува за Asia Times online, Bangkok Post, BBC World Service, Daily Star (Dhaka), Deutsche Presse Agenteur, Interpress Service, Radio Australia и Radio and TV Hong Kong.

6. Обука за управување со проектен циклус од 12 до 16.09.2016 Хотел АРКА Експерт: Гијом Мерсие (Меѓународен центар за обуки на МОТ - ITCILO)

7. Работилници за развој на вештини за колективно договарање за организациите на работодавачи во три града низ Македонија ,
   - во хотел Арка, Скопје 1 февруари 2016 г.
   - во хотел Белведере, Охрид 2 февруари 2016 г.
   - во хотел Оаза, Штип 4 февруари 2016 г.

8. Работилницата за билатерално колективно договарање во секторот градежништво хотел Арка, Скопје на 13 септември 2016 г.

9. Обука на членките на ОРМ за Мирно решавање на работни спорови на три дневни работилници. Повеќето од учесниците се стекнаа и со Лиценца за помирувачи која ја издава МТСП т.е Комисијата за издавање лиценци во којаод ОРМ се три члена.

10. Учество на Суб-регионална конференција 18- 19.07 Охрид, Ефективни механизми за мирно решавање на работни спорови

11. Работилницата за обука на преговарачкиот тим на ОРМ вклучен во ОКД за приватниот сектор хотел Бистра, Маврово на 2-3 ноември 2016

12. Подготвен Водич за работодавачи за колективно договарање со Јоже Смоле од организацијата ана работодавачи Словенија и Слаѓана Јанимовска Насковска ( ЕВН ) од ОРМ.

13. Работилница Родова еднаквост 21 јуни, Свети Николе

**План за односи со јавноста за ОРМ подготвен од агенцијата Идеа + , за период од 15.12.2016 – 15.03.2017**

**Цели**

- Натамошно унапредување на угледот на ОРМ преку истакнување на нејзината лидерска улога во промоција на приоритетите на бизнис заедницата
- Позиционирање на ОРМ во јавноста и кај засегнатите страни како репрезентативна организација која нуди ефикасни решенија за потребите и проблемите на работодавачите

**Стратегија**

Поставените комуникациски цели ќе бидат постигнати преку:

- Отворање и презентирање на темите, барањата и предлозите на работодавачите пред пратениците и пратеничките групи во Собранието на РМ заради обезбедување на можно влијание при донесување или измена на законите кои ќе ги содржат предлоизте на ОРМ
- Креирање на одржливи партнерства со организации и стручни лица со кои ОРМ има или може да пронајде интерес за заедничка соработка
- Промоција на активностите на оранизацијата кај нејзните постојни и потенцијално нови членови
- Промоција на активностите на ОРМ во јавноста преку медиумите

**Тактики** (активности)

1. **Организација на јавна презентација во Собранието на РМ** на предлозите (* подготвени брошури) на бизнис заедницата за поволно бизнис окружување за одржливи претријатија во Македонија, во чие формулирање учествуваше и ОРМ.

   Настан во зградата на Парламентот, отворен за јавноста (медиумите), на кој претставници од ОРМ ќе ги презентираат ставовите и предлог-политиките во следните области: владеење на правото, пристапот до финансиски услуги, постигнување на локална конуренција и развој на претприемничката култура.

   Презентацијата (настанот) се организра во соработка со Комисијата за економски систем и Комисијата за труд и социјална политика на Собранието на РМ.

   На настанот ќе бидат поканети сите пратеници во Собранието, како и претсавници на социјалните партнери, експерти и медиуми.

2. **Тематски панел-дискусии**
   - На овие настани на кои треба да земат учество експерти – професори од Универзитети во Македонија, претставници од организациите кои партиципираат во социјалниот дијалог (социјалните партнери), како и угледни бизнисмени - членови на УО на ОРМ, треба да се отворат и дискутираат актуелни теми кои се особено значајни за бизнис секторот (на пр. реформи во образованието заради зголемување на знаењата и квалификациите на работната сила; измени на законската регулатива за заштита при работа и сл.).

**3. Подготовка на е-билтен (e-Newsletter)**

- Е-билтенот (e-Newsletter) треба да содржи: (1) кратки вести за активностите на ОРМ); (2) клучни ставови и заклучоци од одржаните настани и (3)препораки и предлози на ОРМ за креаторите на политиките.
- Е-билтенот би се подготвувал на секои два месеци (или квартално) и би се дистрибуирал исклучиво на e-mail, како и преку веб - страницата на ОРМ.

Изготвиле,
Белинда Николовска
Светлана Ристовска Антиќ
Март,2017, Скопје

Претседател
Ангел Димитров